РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-1287/2
19-09-2018 201 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 34 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/06,бр.150/10, 100/2011,бр.20/2015 и бр.61/2015, бр.197/17 и бр.83/18 ) и член 23 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/08 и 124/10), а во врска со член 10 став 2 алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 18.09.2018 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА АКТОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

## I.Општи одредби

Член1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор.

Член2

Одредбите од овој правилник се применуваат и при обработка на личните податоци преку вршење на видео надзор од страна на обработувачот на збирка на лични податоци

## II. Содржина и форма на актот за начинот на вршење на видео надзор

Содржина на актот

Член 3

Актот за начинот на вршење на видео надзор содржи: правен основ за неговото донесување, наслов на актот, основни одредби со опис на системот за вршење на видео надзор, цел, односно цели на обработка на личните податоци, категории на лични податоци, давање и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење видео надзор, технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор, изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, рок на чување на снимките од видео надзорот, известување за вршење на видео надзор, технички

спецификации на опремата, план каде е поставен системот за вршење на видео надзор и преодни и завршни одредби.

**Правен основ**

Член 4

Во правниот основ за донесување на актот за начинот на вршење на видео надзор, се наведува членот од Законот за заштита на личните податоци или друг закон кој е основ за донесување на актот бројот на Службениот весник на Република Македонија каде е објавен законот, кој годонесува актот, како и датумот на неговото донесување.

**Наслов на актот**

Член 5

Насловот на актот за начинот на вршење на видео надзор е Правилник за начинот на вршење на видео надзор на Судски совет на Република Македонија

**Основни одредби со опис на системот за вршење на видео надзор**

Член 6

Во основните одредби се утврдува краток опис на содржината на актот за начинот на вршење на видео надзор со опис на системот за вршење на видео надзор.

**Цел односно цели на обработка на личните податоци**

Член 7

(1)Во актот за начинот на вршење на видео надзор се утврдува целта односно целите за обработка на личните податоци преку вршењето на видео надзор во смисла на одредбите од член 9- б став 1 од Законот за заштита на личните податоци.

(2) Контролорот задолжително врши анализа на целта односно целите за која се поставува видео надзорот пред започнување на процесот за воспоставување на систем за вршење на видео надзор.

(3)Анализата од ставот 2 на овој член ги содржи причините за поставување на видео надзорот со образложение на потребата за исполнување на целта, односно целите во смисла на одредбите од член 9-б став 1 од Законот за заштита на личните податоци, како и опис на

недвижните и движните ствари кои ќе сезаштитуваат со поставувањето на видео надзор.

(4)Контролорот врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор на секои две години, а особено за:

-понатамошната потреба од користење на системот за вршење на видео надзор,

-целта односно целите за вршење на видео надзор и

-можните технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор.

(5)Од извршената оценка од став 4 на овој член контролорот изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот на вршење на видео надзор.

(6) Во извештајот од ставот 5 на овој член се внесуваат и статистички показатели за пристапот до снимките направени при вршење на видео надзорот , како и начинот на искористување на снимките.

**Категории на лични податоци давање и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор**

**Член 8**

Во актот за начинот на вршење на видео надзор се определуваатkатегориите на лични податоци кои што ќе бидат предмет на обработка, можноста за давање на лични податоци на користење како и преносот на личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор.

**Технички и организациски мерки**
**за обезбедување тајност и заштита на**
**обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор**

**Член 9**

(1)Судскиот совет на Република Македонија задолжително ги определува техничките иорганизациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, согласно Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци со давање на опис за преземените технички и организациски мерки.

(2)За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор контролорот задолжително води евиденција, која особено ги содржи следните податоци :

- Име и презиме на овластеното лице
- Датум и време на пристапување
- Цел за пристапување
- Датум и час на направената снимка кон која се пристапува
- Датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот
- Вид на медиумот во кој е содржана снимката од видео надзорот и
- Други податоци согласно член 27 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор**

**Член 10**

(1)Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор имаат само овластени лица од страна на Судскиот совет на Република Македонија.

(2)Овластените лица за обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор која претставува составен дел на актот за начинот на вршење на видео надзорот.

(3)Образецот на Изјавата од ставот 2 на овој член е составен дел на овој правилник (Образец1).

**Рок на чување на снимките од видео надзорот**

**Член 11**

(1)Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат до исполнување на целта односно целите за кои се врши но не подолго од 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот на кој што се чуваат.

(2)Снимките од видео надзорот може да се чуваат подолг временски период од периодот наведен во ставот 1 на овој член ако е потребно согласно закон, но не подолго до исполнување на целта односно целите.

**Известување за вршење на видео надзор**
**Член 12**

(1)Судски совет на Република Македонија на видливо и јасно место истакнува известување дека се врши видео надзор во смисла на одредбите на член 9-а од Законот зазаштита на личните податоци кое е составен дел на актот за начинот на вршење на видео надзор.

(2) Образецот на известувањето од ставот 1 на овој член е составен дел на овој правилник( Образец 2).

**Технички спецификации на опремата**
**Член 13**

Контролорот задолжително ја определува техничката спецификација на опремата со која ќе се врши видео надзор, особено бројот на камерите, резолуцијата и квалитетот на сликата видот на камерите, бројот и идентификацијата на работните станици со кои се пристапува до системот за видео надзор, како и бројот и идентификацијата на опремата со која се врши видео надзорот.

**План каде е поставен системот за вршење на видео надзор**

**Член 14**

(1)Во Планот каде е поставен системот за вршење на видео надзор графички се прикажува начинот на поставеноста на видео камерите просторот,каде се врши видео надзорот,аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзорот, како и карта со локациите на местата каде што се поставени камерите.

(2)Планот од ставот на овој член треба да претставува составен дел на актот за начинот на вршење на видео надзор.

**Завршни одредби**

Член 15

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Карацовски**

Образец 1

**Врз основа на член 14 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување и тајност и заштита на обработката на личните податоци, на ден_____________,ја давам следната**

**ИЗЈАВА**

**за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци**

Јас долупотпишаниот/ната_______________________________________________________

(Име и Презиме)

Вработен/а во_____________________ ________________________________________

___________________________________________________________________________

согласно Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци , се обврзувам дека:

- **ќе ги почитувам начелата за заштита на личните податоци при вршењето на видео надзорот;**

- **ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор со кој се оневозможува неовлатен и неевидентиран пристап и увид до снимките од системот за видео надзор;**

- **ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од контролорот;**

- **на трети лица надвор од контролорот и други лица од контролорот нема да издадам било каков личен податок од снимките на видео надзорот или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој суд го дознал или ќе го дозанаа при вршењето на видео надзорот во контролорот освен ако со закон поинаку не е определено.**

Потпис,

_______________

Образец 2

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР



# Објектот е под видео надзор

Контролор:_______________________

Информации:_______________________